# IN MEMORIAM



**Проф. д-р Марија Кусевска (1954 – 2024)**

Проф. д-р Марија Кусевска е родена на 15.1.1954 во Пехчево. Основно и средно образование завршила во Скопје и во 1973/1974 година се запишала на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Англиски јазик и книжевност со македонски јазик. Во 1996 година добила стипендија од Американската асоцијација за универзитетски жени (American Association of University Women, AAUW) и се запишала на постдипломски студии на Државниот универзитет во Аризона, САД, на Катедрата за англиски јазик, магистерски студии за предавање на англискиот јазик како втор јазик. Магистрирала во 1997 година со просек 10 (американска оценка А) и со одбрана на магистерски труд на тема „Говорни чинови“, по што се стекнала со називот магистер по предавање англиски како втор јазик (MTESL). Во 2008 година ја пријавила темата за изработка на докторска дисертација со наслов „Анализа на несогласувањето во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за македонските говорители“ на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и успешно ја одбранила на 10 јануари 2011 година со што се здобила со научен степен доктор по филолошки науки. Истата година била избрана за доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во мај 2016 година е избрана за вонреден професор, а во април 2021 година за редовен професор за областите Англистика и Лингвистика.

За време на нејзиниот работен век има објавено над сто публикации меѓу кои голем број научни трудови, книги, монографии и учебни помагала. Професорката има учество во повеќе проекти од кои може да се истакнат неколку позначајни како што се проектот *Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката,* каде се јавува како главен истражувач; проектот *Улогата на експлицитните инструкции за стекнување прагматичка компетенција при учењето англиски и германски јазик* каде е исто главен истражувач. Свој придонес дала и во научно-истражувачкиот проект *Анализа на англискиот меѓујазик на А1, А2 и Б1 ниво од Заедничката европска референтна рамка за јазиците (ЗЕРР)* со посебен осврт на меѓујазичното влијание чија цел е создавање електронски корпус на англиски меѓујазик за истражувачки цели, развивање методологија за собирање и обработка на електронски бази на податоци од јазикот на изучувачите на некој странски јазик и подобрување на наставата по англиски јазик. Во периодот од 2003 до 2007 учествувала во проектот за формирање на *МАКС-Македонска асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици*.




Во периодот 2005 – 2006 била Раководител на проектот за воведување на Европското јазично портфолио за возрасни. Од 2002 до 2003 година исто така била раководител на проектот за комуникација и лидерство според програмата на *Toastmasters International*, финансиран од страна на Американската амбасада. Во периодот 2016 – 2021, проф. д-р Кусевска учествувала во неколку истражувачки проекти и важно е да се спомне дека активно ги вклучуваше студентите во проектите на кои работеше, што значително придонесе тие да бидат запознаени со тековните случувања во науката за јазикот и да развијат интерес за научноистражувачката работа. Последователно на овие активности, во 2020 година, професорката после многуте објавени книги, повторно објавува

рецензиран учебник со наслов „Topics in Contrastive Analysis: English and Macedonian” кој им помага на студентите во успешно совладување на материјата по предметот Контрастивна анализа на англискиот и на македонскиот јазик.










За време на нејзиното работење проф. д-р Марија Кусевска активно учествуваше во активностите на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Таа учествуваше во креирањето на програмите за прв и втор циклус студии, во менторирање на студентите при изработка на нивните магистерски и дипломски трудови, во комисиите на нивните одбрани на трудовите, при изведување на комисиските испити. Професорката даде свој придонес и во оспособување на помладите колеги преку несебично споделување на материјали, совети и лични искуства.



*Од одбраната на магистерскиот труд на (Ана Митева Димоска)*
*Проф. Кусевска, проф Јанкова Алаѓозовска, Ана Митева и проф. Билјана Ивановска*

Професор Кусевска беше долгогодишен универзитетски професор по англистика, со плодна наставна и научна пракса, со објавени стотина научни трудови и книги од областа прагматика на англискиот јазик, учесник во проекти во земјава и странство. Професорката Кусевска ќе ја паметиме по нејзината благост и одмереност како личност, исклучителната професионалност и посветеност, како и по добронамерноста, човечноста и дружељубивоста.

**Последен поздрав до проф. д-р Марија Кусевска од деканката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, Катедрата за англиски јазик и книжевност, вработените, колегите и студентите од Филолошкиот факултет при УГД – Штип.**